Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

12 Јули, 2023 година

Архивски број : 67-1498/12

Предмет: Известување за јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала од обновливи извори на енергија со капацитет над 1 MW, на КП 1364/2, КП 1364/3 и дел од КП1459/1, КО Пеширово, Општина Свети Николе

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Министерството за транспорт и врски го става на увид на јавноста Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала од обновливи извори на енергија со капацитет над 1 MW, на КП 1364/2, КП 1364/3 и дел од КП1459/1, КО Пеширово, Општина Свети Николе, изработен од „Чип Гроуп" дооел, Скопје со тех. број 02-02/23 од јуни 2023 година. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 13.07.2023 до 28.07.2023 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт и врски „Плоштад Црвена Скопска општина" бр.4, 1000, Скопје како и на е-адресата:

- aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk
- vesna.markovska@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
Александар Карангелов, диа
Помошник раководител на Сектор за уредување на просторот

Подготвил: Даниела Деспотовска Сековска, диа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk